


# АНАЛИЗА НА БИЗНИС КЛИМА ВО ОПШТИНА ОХРИД

***Business Attitude Survey (BAS Analysis)***

**Изработил: Д-р Тони Цветаноски** **Јули 2014** **Охрид, Македонија**

# АНАЛИЗА НА БИЗНИС КЛИМА

# ВО ОПШТИНА ОХРИД

***Изработил,***

***Д-р Тони Цветаноски***

***Охрид, Јули 2014 год.***

**СОДРЖИНА:**

**1.ВОВЕД**

**2.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**3.ГЛАВНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ**

**4.РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ**

**4.1. Историја на бизнисот и статус**

**4.2. Вработени и работна сила**

**4.3. Инвестиции и инвестициски планови**

**4.4. Владини услуги и односи со влада**

**4.5. Општи впечатоци**

**5. ЗАВРШНО СОГЛЕДУВАЊЕ**

**1. ВОВЕД**

Овој извештај е направен врз основа на направеното истражување за бизнис климата во Охрид, според договор и соработка со Секторот за туризам и локален економски развој на Општина Охрид. Истражувањето беше спроведено во текот на јуни и јули 2014 година.

Целта на истражувањето е да се согледаат мислењата за бизнис климата на претприемачите / менаџерите кои имаат бизниси во Општина Охрид, креираат работни места, и придонесуваат за локалниот економски развој.

Според податоците од Државниот завод за статистика, со состојба на 31.12.2013 година во Општина Охрид имало 2.757 активни деловни субјекти, од кои:

-2.023 се микро претпријатија, или 73,4%

-708 се мали претпријатија, или 25,7%

-22 средни претпријатија, или 0,8%

-4 се големи претпријатија, или 0,2%

Од презентираните податоци се забележува дека во Општина Охрид 99,1% од вкупниот број претпријатија припаѓаат во категоријата микро и мали претпријатија.

Ако направиме анализа според дејноста, тогаш во Општина Охрид состојбата е следна:

-1.011 претпријатија, или 36,7% се во дејноста на Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли;

-321 претпријатие, или 11,6% - Преработувачка индустрија;

-301 претпријатие, или 10,9% - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна;

-234 претпријатија, или 8,5% - Стручни, научни или технички дејности;

-172 претпријатија, или 6,2% - Други услужни дејности;

-169 претпријатија, или 6,1% - Градежништво;

-169 претпријатија, или 6,1% - Транспорт и складирање; и тн.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во текот на јуни и јули 2014 година беа контактирани 77 бизниси од Општина Охрид. Учество во истражувањето прифатија 47 бизниси, кои одговорија на прашањата содржани во анкетниот прашалник.

Во истражувањето се користеше прашалникот изготвен од страна на Проектот за децентрализација на УСАИД, и според кој вакво истражување е направено во мај 2006 година.

Со цел да се добијат релевантни одговори, на интервјуираните претприемачи / менаџери им се потенцираше дека дискрецијата на истражувањето е загарантирана, и дека нивните бизниси нема да имаат било какви реперкусии по основ на дадените одговори во ова истражување.

Тргнувајќи од разните дејности застапени во Општина Охрид, во истражувањето се водеше особено сметка за опфат на дејностите кои имаат значајна застапеност во локалната економија – трговија, производство, туризам и угостителство, и тн.

Контактираните бизниси претставуваат 2,8% од вкупниот број претпријатија во Охрид, додека тие што одговориле на прашалникот претставуваат 1,7%. Имајќи го тоа предвид, потенцираме дека не е можно истражуваните претпријатија во целост да ги одразат ставовите на бизнис заедницата во Општина Охрид, но секако тоа претставува значаен чекор кој што понатаму треба да овозможи поголема опфатеност во ваквите истражувања, како и преземање на мерки и активности со цел да се овозможи постојано унапредување на бизнис климата.

**3. ГЛАВНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ**

1. Услужниот сектор, производниот сектор, туризмот и угостителството, особено се застапени во стопанството на Општина Охрид

2. Вработеноста во истражуваните компании бележи тренд на пораст (состојба во 2014 година, во однос на состојбата во 2013 година и 2009 година), со предвидување за нејзин пораст и во 2015 година

3. 76,6% од анкетираните претпријатија се основани после 1990 година, додека 23,4% се основани пред 1990 година

4. Компаниите главно продаваат во Општина Охрид и Република Македонија, но има и компании со извозна ориентираност, главно на европскиот пазар

5. Од вкупно анкетираните, 37 компании имаат позитивни прогнози за пораст на продажбата во 2014 година, додека 10 компании очекуваат одреден пад на продажбата

6. Сите компании го користат интернетот во своето работење, а најголем дел од нив имаат Е маил, веб страна, имаат електронски банкарство

7. Најголем дел од компаниите кфалификациите за своите вработени ги вреднуваат како одлични и добри

8. Просечно исплатена плата во компаниите изнесува 14.392 денари

9. Кај 68,1% од претпријатијата, деловниот простор е во нивна сопственост, додека 29,8% од нив го изнајмуваат, додека 2,1% дејноста ја обавуваат комбинирано во сопствен и изнајмен деловен простор.

10. 19,1% планираат да се прошират на друго место во Македонија; 17% размислуваат тоа да го направат; додека 63,8% не планираат да го направат тоа

11. Компаниите сметаат дека најголемо негативно влијание на нивниот сегашен и иден развој има општата економска состојба, државната регулатива и домашната конкуренција

12. Доколку Македонија постане членка на ЕУ, компаниите како позитивен фактор за нив ја перципираат стабилната бизнис клима за стопанисување, пристап до поголем пазар без царини и други пречки; додека како негативни фактори ги наведуваат повисоките трошоци за работна сила, силна конкуренција

13. Услугите што ги дава Општината се оценети како добри и просечни, со исклучок на поддршката на малите и средни претпријатија и одржување на патиштата кои се оценети како недоволни (од понудени можни одговори: одлично, добро, просечно, недоволно, без мислење)

14. Мислењето на бизнисите за Локалната самоуправа генерално е оценето со добро и просечно

15. Општиот впечак за Охрид како место за водење бизнис е оценет како просечен

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

### 4.1. Историја на бизнисот и статус

- Од 47 анкетирани компании, 36 од нив (76,6%) формирани се како сосема нов бизнис после 1990 година, додека 11 фирми (23,4%) формирани се пред 1990 година.

  Од направеното истражување може да се заклучи дека поголем дел од бизнисите се формирани после осамостојувањето на Република Македонија како посебна држава.



- Од анкетираните компании 43 фирми се во 100% сопственост на физички лица, додека 1 компанија е во 100% сопственост на правни лица, а три компании се во сопственост на физички лица, правни лица и државата.




- Анкетираните компании се занимаваат со следните дејности:

  -16 компании се занимаваат со трговија на големо и мало со разни стоки

  -12 компании се од сверата на преработувачката индустрија

  -8 се од сверата на туризам и угостителство

  -5 компании се од сверата на интелектуални услуги (образование – часови по странски јазици, математика, медицински услуги, сметководствени услуги, изработка на софтвер, преведувачки услуги

  -4 компании од сферата на други услуги (преглед, сервисирање и продажба на нови возила; транспорт на патници; геодетски услуги)

  -2 комапнии од сверата на градежништвото




- Најголем дел од компаниите главно продаваат во Општина Охрид и Република Македонија. Помал дел од нив се со извозна ориентираност, главно на европскиот пазар. Вкупниот приход во 2013 година кај 39 фирми кои одговориле на ова прашање (8 од анкетираните не одговориле) изнесува цца 3.050.390.000 денари (или цца 50 милиони евра) –кај 22 од анкетираните претпријатија над 70% од продажбата е во регионот на Охрид -кај 17 компании над 70% од продажбата главно е на други места во Република Македонија (со мало учество на продажбата во регионот на Охрид)
  -7 фирми од анкетираните имаат извозни активности, додека кај 5 од нив над 60% од вкупното производство / услуги се извезува

- Фирмите имаат позитивни предвидувања за зголемување на продажбата во 2014 година, и тоа 35 од анкетираните фирми, додека 21 компанија очекуваат зголемување на продажбата за над 10% во тековната година. Две од претпријатијата очекуваат продажбата да се задржи на исто ниво како во 2013 година.

Прогноза за намалување на продажбата имаат 10 од анкетираните фирми, кои претежно се занимаваат со трговија и услужни дејности

- Кај 26 компании, во Охрид лоцирани се главните потрошувачи, 13 од фирмите во Охрид имаат важни добавувачи на суровини, додека 6 од нив имаат важни добавувачи на полуготови производи.




На прашањето дали имате некои други причини заради кои мора да сте лоцирани во оваа општина, одговорите на анкетираните генерално се сведуваат на следното: -место на живеење -тука е започнат бизнисот, -веќе е инвестирано во објекти, -располагаат со сопствени објекти, -природни ресурси.

- Сите компании користат интернет во различен степен во своето работење:
  -5 компании користат интернет само за електронска пошта -20 компании користат интернет за електронска пошта, имаат веб страна и ги контактираат клиентите преку E mail -22 компании користат интернет електронска пошта, имаат веб страна, ги контактираат клиентите преку E mail, имаат воспоставено Е-бизнис, користат електронско банкарство



### 4.2. Вработени и работна сила

- Кај 46 од истражуваните компании (една од нив не одговорила на ова прашање) вкупно има 1.624 вработени, што претставува зголемување на вработените кај нив во однос на 2013 година за 10,6%, или зголемување на вработеноста кај нив за 38,9% во однос на 2009 година. Прогнозите на компаниите се дека вработеноста кај нив ќе го задржи растечкиот тренд и во 2015 година и дека истата ќе се зголеми во однос на 2014 година за 4,2%.




Во поглед на половата структура повеќе од вработените се мажи.
Со високо образование во фирмите се вработени 15% од вкупниот број ангажиран персонал.

- Просечно исплатената нето плата кај 41 компанија (6 од нив не одговориле на ова прашање) изнесува 14.392 денари, што е значително под републичкиот просек. Најниско исплатената просечна нето плата изнесува 9.200 денари, додека највисоко исплатената просечна нето плата изнесува 36.000 денари. Соодносот помеѓу најниската и највисоката исплатена просечна плата изнесува цца 3,9.

- Анкетираните компании квалификациите на вработените ги вреднуваат генерално како одлични и добри: -кај 18 компании преовладуваат вработени кои се вреднувани како одлични во поглед на нивните квалификации - кај 23 компании преовладуваат вработени кои се вреднувани како добри во поглед на нивните квалификации - кај останатите 6 компании преовладуваат вработени чии квалификации се вреднувани како просечни и ниски.




-17 од фирмите чувствуваат недостаток на персонал од одредени занимања, како на пр. искусни менаџери за продажба, стручњаци за "е-бизнис", машински инжинери, информатичари, искусни кувари, кфаилификуван персонал за прецизна механика.

### 4.3. Инвестиции и инвестициски планови

- Истражувањето покажа дека 68,1% од фирмите (32 фирми) се лоцирани во сопствени деловни објекти, додека 29,8% (14 фирми) работаат во изнајмени деловни простори. 2,1% од фирмите користат комбинација на сопствени и изнајмени деловни простории.



-33 од фирмите располагаат со доволно деловен простор (сопствен или изнајмен) доколку одлучат да го прошират својот бизнис каде што се лоцирани, додека 14 од нив се изјасниле дека не располагаат со доволно деловен простор доколку се одлучат на ваков чекор.



- На прашањето дали имате план за проширување на оваа локација: -15 од компаниите се изјасниле дека имаат планови за проширување на бизнисот -14 компании размислуваат за тоа -18 од нив не размислуваат за проширување на таа локација




- Компаниите планираат да инвестираат цца 462.292.000 денари (или цца 7.517.000 евра) и да отворат 146 нови работни места.

- -19,2% (9 компании) планираат да го прошират бизнисот во други места во Македонија (Струга, Скопје) -17% (8 фирми) размислуваат да го направат тоа. -63,8% (30 фирми) не планираат да се прошират на друго место во Македонија




Своето проширување на друго место во Македонија компаниите планираат или размислуваат да го направат во периодот од 2014 – 2017 година.

Како најчести причини зошто би го прошириле бизнисот на друго место се наведуваат:
-лоцираност на главните купувачи (Скопје)
-поголем пазар (Скопје)
-поголема куповна моќ (Струга, Скопје)
-понуда на квалификувана работна сила (Скопје)
-можности за поголем профит, подобра локација за бизнисот (Струга)
-заситеност на пазарот во Охрид
-намален број на жители во Охрид
-помала куповна моќ на населението во Охрид

### 4.4. Владини услуги и односи со влада

- Како фактори кои имаат најголемо негативно влијание на сегашниот и идниот равој на бизнисите, анкетираните ги наведуваат: -општата економска состојба (36 од компаниите) -државната регулатива (15 од фирмите) -домашна конкуренција (14 фирми) -енергетски трошоци (12 фирми) -расположивост на квалификувана работна сила (11 фирми) -странска конкуренција (11 фирми) -каматни стапки (10 фирми) -оддалеченост од пазарите (10 фирми)

  Како дополнителни забелешки анкетираните фирми го посочуваат следното: –обезбедување исти услови за работа како за странските инвеститори -елиминирање на нелојалната конкуренција -промена на односот на државата и администрацијата према микро и малите фирми -подеднаков и фер третман на бизнисите од страна на администрацијата -намалување на износите на глоби, казни -промена на односот на инспекциските служби

- Идното зачленување на Македонија во Европската Унија беше разгледувано како позитивно и негативно влијание врз бизнисите.

  Фактори кои позитивно би влијале од тој аспект: -стабилна бизнис клима 74,5% (35 од анкетираните бизниси) -пристап до поголем пазар без царини и други пречки 40,4% (19 фирми) -полесно спроведување на законите 29,8% (14 фирми) -учество на ЕУ програмите 27,7% (13 бизниси) -повисоко ниво на заштита на економска конкуренција 27,7% (13 бизниси) –стабилен пазар на капитал 25,5% (12 фирми)

Фактори кои негативно би влијаеле доколку Македонија постане членка на ЕУ: -повисоки трошоци за работна сила 66% (31 фирма) -силна конкуренција 40,4% (19 фирми) -инвестиции за прилагодување кон новите услови 38,3% (18 фирми) -строги правила на државата за тоа како да ги потпомага бизнисите 29,8% (14 фирми)

- Генерално бизнисите имаат позитивно мислење (оценети како добри и просечни – од следните можни понудени одговори: Одлично, Добро, Просечно, Недоволно, Без коментар) за поголем дел од услугите кои се во надлежност на локалната самоуправа:
  -јавен транспорт (такси, автобуски линии...) -заштита на животната средина, -посредување при издавање на дозволи и одобренија за градба -посредување при издавање дозволи за стопанисување -собирање отпад

  Како просечен или недоволен оценет е развојот на инфраструктурата (вода, канализација, електрична енергија.....)

  Како недоволни оценети се услугите за: - поддршка на мали и средни претпријатија - одржување на патишта

  Бизнисите посебно би сакале да се подобри: - поддршката на малите и средни претпријатија - одржување на патиштата - поврзување на Охрид со автопат со другите градови - развој на инфраструктурата (вода, канализација, електрична енергија) - заштита на животната средина.

- Бизнисите кои учествуваа во истражувањето особено сметаат дека локалната самоуправа треба да го обезбедува следното: -информирање во врска со плановите за развој на општината
  -координирана промоција на градот и локалните бизниси -

поддршка за учество на обуки и курсеви -учество
во изготвување и спроведување на плановите за развој
-изградба на индустриски локалитети (зони) -
формирање на бизнис инкубатори -
поволности при изнајмување или продажба на објекти или индустриски
локации

- Од сублимираните одговори на анкетираните бизниси (понудени можни одговори: немало контакти; задоволителна соработка; делумно задоволителна соработка; незадоволителна соработка; не знам) се заклучува дека бизнисите оствариле задоволителна соработка со: -
  Градоначалникот на Општина Охрид -
  Јавното комунално претпријатие -
  Одделението за наплата на данок -
  Секторот за туризам и локален економски развој
  -Секторот за урбанизам и комунални работи

  Од друга страна, голем дел од фирмите немале контакти со: -
  одделението за социјална и детска заштита, образование и култура -
  претседавач на совет -совет на
  општина -бизнис
  здруженија или асоцијации -сектор за правни
  и општи работи -стопанска регионална
  комора -одделение за заштита на
  животна средина

### 4.5. Општи впечатоци

- На поставеното прашање, генерално, какво е вашето мислење за: (понудени можни одговори: одлично; добро; просечно; незадоволително; без мислење): -Локалната самоуправа со одлично се изјасниле 8,5% (4 фирми), добро 44,7% (21 фирма), просечно 31,9% (15 фирми), незадоволително 8,5% (4 фирми), без мислење 6,4% (3 фирми)



-Советот на општината со одлично се изјасниле 4,3% (2 фирми), добро 36,2% (17 фирми), просечно 27,7% (13 фирми), незадоволително 8,5% (4 фирми), без мислење 23,4% (11 фирми)



-за Централната власт со одлично се изјасниле 17% (8 фирми), добро 38,3% (18 фирми), просечно 25,5% (12 фирми), незадоволително 6,4% (3 фирми), без мислење 12,8% (6 фирми)




- Каков е вашиот севкупен впечаток за овој град како место за водење бизнис( со можни одговори – одлично; добро; просечно; незадоволително; без мислење):

  -2,1% (1 фирма) од бизнисите имаат одличен впечаток

  -21,3% (10 фирми) – го оценуваат како добро место за водење бизнис

  -44,7% (21 фирма) - како просечно место за водење бизнис

  -27,7% (13 фирми) - како незадоволително место за водење бизнис

  -4,3% (2 фирми) - се без мислење по однос на ова прашање




- Анкетираните претприемачи / менаџери како позитивни можности за развој на бизнисите во Охрид ги наведуваат: -природните потенцијали на Охрид -близината на аеродром -активностите за отворање на слободната економска зона и привлекување на странски инвеститори -привлекувањето на странски туристи -промоцијата на туризмот

- Како фактори кои негативно влијаат на можностите за развој на бизнисите во Охрид ги наведуваат: -патиштата, неповрзаноста на Охрид со автопат со другите градови (према Скопје и Битола) -нискиот животен стандард на населението -намалена куповна моќ на правните и физичките лица -несоодветниот однос на инспекциските служби -невработеноста -иселувањето на младите -недоволна ангажираност на централната власт за развој на Охрид -селективна примена на законските прописи при контрола на бизнисите -отсуство на долгорочна развојна стратегија која би се фокусирала освен на туризмот и на другите стопански гранки -скапа понуда во туризмот и угостителството -не применување на законските прописи подеднакво за сите правни субјекти

## 5.ЗАВРШНО СОГЛЕДУВАЊЕ

Спроведеното истражување за бизнис климата во Општина Охрид ги изразува мислењата и ставовите на 47 претприемачи / менаџери.

При изборот на примерокот за анкетирање беше водена сметка за застапеноста на одделни видови дејности во Општина Охрид, имајќи ги предвид официјалните податоци на Државниот завод за статистика за структурата на Охридското стопанство.

Бизнисмените очекуваат дека нивните мислења и ставови треба да имаат силно влијание на локалната и централната власт, со крајна цел подобрување на условите за водење бизнис во Општина Охрид.